# -ПОВИК-

## најГЛАСни!

Награда за средношколско учество

**Што значи активна средношколска ученичка заедница?**

**Како ученичката заедница соработува со училишните служби?**

**Што прави и како ги вклучува учениците?**

**Какви успеси  има и со кои предизвици се соочува?**

Раскажи ја приказната за твојата средношколска ученичка заедница и учествувај во повикот за најГЛАСни! - награда за средношколско учество.

Повикот е отворен за сите средношколски заедници од државните и приватни училишта кои во текот на учебната 2022/2023 година биле активни и придонеле за поголемо ученичко учество во донесување на одлуките.

**Што претставува наградата за средношколско учество?**

Фондација Конрад Аденауер и Здружение Лидери за едукација, активизам и развој, како активни поддржувачи и промотори на ученичкото учество низ изминатите години, ја воведуваат наградата за средношколско учество, како признание за активноста и работата на овие ученички тела во насока на унапредување на положбата на учениците во своите училишта и вклучување во училишните процеси.

Наградата за средношколско учество се доделува на годишно ниво, на ЕДНА ученичка заедница која демонстрира активност и посветеност кон унапредување на училишната демократија. Преку наградата за средношколско учество сакаме да дадеме наш поттик и придонес за средношколското учество во нашата земја, но и да ги препознаеме, наградиме и поддржиме позитивните примери во делувањето на средношколците.

Првата награга за ученичко учество за учебната 2021/2022 година беше доделена на :

1. СУГС „Орце Николов“-Скопје
2. ОСУ „Св.Климент Охридски“-Охрид
3. СОУ „Коста Сусинов“-Радовиш

Наградата за средношколско учество – најГЛАСни! е поддржана и од Сојузот на средношколци на РСМ кое претставува најголемото претставничко тело на средношколците.

**Како да се пријавите?**

Пријавување за наградата се врши електронски со пополнување на пријавата на следниот **ЛИНК**. Пријавата мора да е целосно и детално пополнета заедно со пропратните документи кои се бараат во истата. Таа мора да биде пополнета од страна на ученик/ученици и одговорен наставник кои се дел од раководството на средношколската ученичка заедница во рамки на училиштето.

Рокот за пријавување истекува на 23.04.2023 година.

**Што следува по истекување на рокот за аплицирање?**

По истекот на рокот сите апликации ќе бидат оценувани и од нив ќе се селектираат 6 финалисти кои од 9 до 11 мај во Велес на финалниот настан ќе имаат можност да се претстават пред жири комисија.

Секој финалист ќе биде составен од четири претставника (три ученика и одговорниот наставник) од избраните ученички заедници. На три-дневниот настан финалистите ќе имаат можност да ја претставaт работата на средношколската ученичка заедница.

**Кои се критеирумите за избор на финалистите?**.

Критериумите за избор се следни:

- Уреденост и начин на функционирање на ученичката заедница – максимум 25 поени

- Степен на влијание и учество во консултации и носење на одлуки во рамки на училиштето – максимум 25 поени
- Степен на активност во спроведување на различни активности и вклучување на учениците во истите – максимум 20 поени

**Примери за ученичко учество**

Ученичкото учество во нашата земја сеуште не е докрај развиено и често постојат погрешни разбирања за што претставува истото:

**Пример за вистинско учество: Училишната заедница дискутира на состанок за тоа како да го придонесе за намалување на врсничкото насилство (булинг). На состанокот се носат низа заклучоците кои се испратени до директорот и училишните служби каде потоа на заеднички состанок се усвојуваат и се реализираат.**

**Пример кој не претставува вистинско учество: Училиштето/наставниците на состанок на училиштата заедница предлагаат заедницата да организира настан за одбележување на денот на правата на децата. Учениците се целосно ангажирани во реализација на активности и поради тоа не можат да дискутираат за решавање на предизвиците на учениците.**

**Од што се состои наградата?**

Наградената училишна заедница ќе добие признание, плакета и банер со наградата и со логото и името на нивната ученичка заедница.

Наградената ученичка заедница, покрај признанието, ќе добие и финансиска поддршка во висина од 30.000 МКД за реализација на активност во рамки на своето училиште до крајот на 2023 година. Покрај ова тие ќе добијат насоки и менторство од страна на ЛЕАД и КАС за како да ја подобрат својата работа и како да ја спроведат замислената активност/иницијатива.

**Индикативна временска рамка на целиот процес**

| **Активност** | **Временска рамка** |
|---|---|
| Објавување на повик за Награда за средношколско учество | 27 март |
| Онлајн информативна сесија за повикот | 6 април (пријави се на следниот ЛИНК) |
| Отворен ден за повикот | 7 април (пријави се на следниот ЛИНК) |
| Финален рок за аплицирање | 23 април |
| Известување за избрани финалисти | 2 мај |
| Завршен настан за финалисти и избор на средношколски ученички заедници | 9-11 мај |
| Реализација на иницијатива на наградената средношколска ученичка заедница | Септември-декември 2023 |

Целосни критериуми за избор се следните:

| **Уреденост и начин на функционирање на ученичката заедница** | |
|---|---|
| Дали ученичката заедница е уредена во рамки на статутот на училиштето или поседува правилник со кој јасно се уредува нејзината улога? | **3** |
| Дали ученичката заедница соодветно самостојно планира и поседува годишни планови за работа? | **4** |
| Дали ученичката заедница на демократски начин (тајно од страна на сите ученици на училиштето) ги избира своите претставници без влијание на раководството? | **6** |
| Дали ученичката заедницата редовно одржува состаноци за својата работа и свикува состаноци самостојно врз основа на потребите на учениците? (редовно значи најмалку 1 месечно или повеќе) | **5** |
| Дали од состаноците се водат уредни записници, и истите потоа се споделени со останатите ученици во училиштето? | **4** |
| Дали состаноците се водени од страна на учениците, а не од наставниците или друг наставен кадар? | **4** |
| **ВКУПЕН БРОЈ НА МОЖНИ ПОЕНИ** | **25** |

| Степен на влијание и учество во консултации и носење на одлуки во рамки на училиштето | |
|---|---|
| Колку често на состаноците на ученичката заедница се дискутираат релевантни и суштински теми поврзани со учеството на ученици? | **5** |
| Колку често учениците усвојуваат и комуницираат предлози кои се наменети за раководството на училиштето? | **5** |
| Дали некој од предлозите упатени кон училишното раководство се прифатени и реализирани? | **5** |
| На кој начин ученичката заедница ги вклучува останатите ученици во училиштето кои не се дел од раководство? | **5** |
| Колку често училиштето ги консултира учениците за релевантни теми за ученичкото учество? | **5** |
| **ВКУПЕН БРОЈ НА МОЖНИ ПОЕНИ** | **25** |

| Степен на активност во спроведување на различни активности и вклучување на учениците во истите | |
|---|---|
| Колку често училишната заедница спроведува различни активности за учениците? | **5** |
| Дали активностите кои се реализираат потекнуваат од самите ученици или се наметнати од училишните служби? | **5** |
| До кој степен активностите кои се организираат поттикнуваат учество во донесување на одлуки? | **5** |
| Дали во активностите се вклучени и учениците кои не се дел од раководството на училиштето? | **5** |
| **ВКУПЕН БРОЈ НА МОЖНИ ПОЕНИ** | **20** |